UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

# БИЛТЕН ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

3

# СЕП 2020



## НАСЛОВИ


**Уводник од Постојаниот координатор**: Важноста на визијата и поставувањето приоритети за развој стр 1

**КОВИД-19**: Рамка за резултати, анализа на влијанието, одговор од ОН стр 2

**Заедничка анализа за земјата**: Никој да не заостане стр 3

**ВО ФОКУС**: Инклузија на попреченоста: предизвиците да се преточат во можности стр 4


## ПОВАЖНИ НАСТАНИ

### СЕПТЕМВРИ

1 UN Environment и партнерите започнаа јавна кампања за промовирање на Шар планина за национален парк и поднесоа консолидирана верзија на студијата за валоризација до Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);

24 Агенцијата за бегалци на ОН (УНХЦР) поддржа концерт со класична и џез музика, на гудачкиот камерен оркестар АРКО во Музејот на македонска борба за да се зголеми солидарноста за Сиријците и други бегалци;

25 УНХЦР започна партиципативна проценка со лицата за кои постои загриженост, во соработка со надлежните органи и партнерските организации, за да се започне дијалог со барателите на азил и бегалците, коешто ќе ги оформи идните планови, стратегии и интервенции.

29 Започнување на проектот на UN Women Трансформативно финансирање за родова еднаквост за потранспарентно, инклузивно и отчетно управување на Западен Балкан, финансиран од Шведската агенција за меѓународен развој и соработка.

### ОКТОМВРИ

7 Организацијата на ОН за храна и земјоделство (ФАО) ќе ја презентира својата холистичка Програма за одговор и закрепнување од КОВИД-19, и активностите на регионално ниво на виртуелниот настан Регионален дијалог за Европа и Централна Азија.

www.facebook.com/1un.mk

www.twitter.com/1UN_MK

## УВОДНИК од Постојаниот координатор

Во овие тешки времиња на предизвици поради пандемијата со КОВИД-19, нееднаквоста и социо-економскиот јаз бележат пораст, и тоа стана особено очигледно низ земјите, регионите, и континентите. Структурните недостатоци и кревките економии сега се изложени на најсилен удар, коешто не е предизвик само по себе, туку значително влијае и на опстојувањето на социјалните проблеми како што се родовата нееднаквост, семејното и родово базираното насилство. Понекогаш ни се чини дека резултатите од напорната работа во минатото како да пропаѓаат само за неколку седмици, а тоа остава и простор за зголемена социјална нееднаквост и дискриминација.

Состојбата на шок покажа дека сите ние, на локално, регионално и глобално ниво – сме многу помалку, отколку што мислевме, подготвени да се справиме со глобалните и поврзаните закани, и покрај напредокот, растот и позитивните промени од блиското минато. Исто така, се покажа дека тоа што сметавме дека го имаме – раст, просперитет, стабилност, пристап до услуги и добра, и пристап до останатите делови на светот – може набрзина да го снема или да биде многу ограничено.

Колку и да се непријатни, тешките ситуации се добра можност да се стане посилен, но, само доколку можеме да ги искористиме научените лекции. Ова се научените лекции од последниве две месеци:

**Клучно е директното утврдување на приоритетите – како тим, заедница или општество.** За тоа е неопходно да се постигне консензус, коешто само по себе е процес од кој може да произлезат можности и потенцијали. Кога размислуваме за иднината, дискутираме, повторно создаваме, отпочнуваме одново или продолжуваме – мораме да се стремиме кон консензус за нашите идни приоритети. Не можам да истакнам во колкава мера тоа е важно за да се постигнат целите за одржлив развој на општинско, регионално и национално ниво.

Истакнувањето на важноста на консензусот и овозможувањето на поединци и групи да се чуе нивниот глас и целосно да им се почитуваат иземаат предвид правата, претставува основен чекор со кој ова патување ќе биде поиздржливо при наидувањето на пречки, и од нас ќе се бара да носиме тешки одлуки долж патот – на пример, како да се трошат ограничените ресурси.



**Подобро планирање, на сите нивоа, со предвидливост и врз основа на докази.** Тоа е возможно само преку внимателно собирање податоци и нивна целосна искористеност, проценка на ризиците, и разгледување на сите постоечки опции – особено оние кои содржат иновативност и излегуваат од рамките на секојдневните решенија. Планирањето е од клучна важност за подготвеноста и резилиентноста, коишто се неопходни за ублажување на глобалните предизвици. Меѓутоа, можеме да правиме добри планови само доколку визијата и целите кои сакаме да ги постигнеме се јасни. Во тие цели треба да се земе предвид добросостојбата на сите граѓани, независно на тоа кому му е доверено да ја формира, води или да учествува во владата. Иднината припаѓа на, и ја споделува целото општество.

Охрабрена сум поради консензусот кој се гради околу потребата да се дискутира и формулира долгорочна визија за Северна Македонија, на натпартиска основа, и каде се вклучени сите делови од македонското општество. ОН во Северна Македонија, заедно со меѓународните партнери, се подготвени да поддржуваат инклузивен процес на консултации во целата држава во претстојните месеци, од каде ќе произлезе стратегијата за одржлив развој на национално ниво. Овие времиња, како никогаш претходно, се вистински момент да се поддржуваме меѓу себе за заедничките цели и да го забрзаме спроведувањето на Агендата за одржлив развој 2030.


**Росана Дуџак**

Постојан координатор на ОН во Северна Македонија

# КОВИД-19 одговор

**КОВИД-19 Рамка за резултати**

Заедничката рамка за резултати (ЦРФ) за Северна Македонија е поддржана со одреден број тематски проценки и анализи на влијанијата, кои ОН и понатаму ги спроведуваат за да се помогне во интервенциите за политики на основ на докази, кои се насочени на потребите на најранливите групи. Покрај тоа, во октомври ќе се стават на располагање целосно разработени предлози за политики со соодветни трошоци кои се предлагаат во заедничката рамка за резултати (ЦРФ), со цел да се дадат информации за буџетскиот процес во земјата.

**Проценка и анализа на влијанијата**

Меѓународната организација на трудот (МОТ) неодамна објави правна анализа за регулаторната рамка за „работа од дома" во Северна Македонија, која општо е дефинирана како „примена на информатичко-комуникациски уреди (ИКТ) за работа вон работните простории на работодавачот". Во анализата се појаснува законскиот статус и постоечките дилеми, и се даваат заклучоци и препораки за постапувањето во иднина.

Со постоечката законска рамка се уредува работењето вон деловните простории и опфатена е само „традиционалната работа од дома" која е уредена со Законот за работни односи. МОТ ги разгледа мерките и заклучоците на техничката влада за време на вонредната состојба на почетокот на 2020, како и општите колективни договори за приватниот и јавниот сектор во Северна Македонија за да се одговори на три клучни дилеми:

- Временската рамка и флексибилноста помеѓу договорните страни во однос на согласноста околу начините за „работа од дома";
- Правната основа за измени во организирањето на работата; и
- Правните последици за вработените доколку одбијат да работат од друго место, а не од работните простории.

Од анализата произлегоа четири главни заклучоци:

(I) Законите за работни односи и колективните договори во Северна Македонија не го уредуваат „работењето од дома";
(II) Не постојат законски пречки за да се воведе „работењето од дома" како начин на организирање на работата;
(III) Во нормални услови и околности, „работата од дома" може да се воведе само со анекс на договорот за вработување врз основа на взаемна согласност помеѓу работодавачот и вработениот;
(IV) Во случај на вонредни и исклучителни околности, како што се природни и други непогоди, законската рамка предвидува привремено воведување на работа од дома по пат на еднострана одлука на работодавачот.

На кус рок, се препорачува „работењето од дома" да се уреди како анекс на договорот за вработување (или како исклучок, како еднострана одлука на работодавачот за привремена работна задача на далечина) каде е вклучена одредба за користење ИКТ, организирање и ограничување на работните часови и паузи; обезбедување стандарди за безбедност и здравје на работното место, како и заштита на податоците и приватноста на двете страни. Тоа, исто така, треба да биде поткрепено и со измени на колективните договори на ниво на компанија, согласно Европскиот рамковен договор за работа од дома, и прилагодени внатрешни акти за „работа од дома" (правилници, одлуки). На среден рок, Владата треба да го спроведе Европскиот рамковен договор за работа од дома преку колективните договори во јавниот и приватниот сектор и преку соодветна измена на законот за работни односи.

## Директна поддршка во давањето одговор

ОН и понатаму обезбедуваат директна поддршка на одговорот кој се дава на пандемијата со КОВИД-19 во Северна Македонија на повеќе нивоа. Тука се наведени неколку примери од месец септември:

Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА), во соработка со младинската мрежа Y-PEER, започнаа серија работилници, дискусии и кампањи како дел од младинскиот одговор на КОВИД-19, помагајќи им на младите луѓе, пред се на оние од ранливите групи. Дел од клучните теми кои се дискутираа се однесуваат на младите и менталното здравје, услугите за сексуално и репродуктивно здравје и за бременоста кај младите Ромки, семејното насилство кај лезбијките, хомосексуалците, бисексуалците, трансродовите и интерсексуалните млади лица, меѓукултурниот дијалог и вештините за наоѓање вработување.

Во соработка со министерствата за труд и социјална политика, здравство и внатрешни работи, со поддршка од Британската амбасада во Скопје, УНФПА одржа и неколку работилници и обуки кои беа дел од повеќе-ресорскиот одговор на родово-базираното насилство, и обезбедување безбеден простор за лица кои преживеале семејно насилство за време на кризата со КОВИД-19 и понатаму.

UN Women, локалниот огранок на Wikipedia – Shared Knowledge, и Шведската амбасада во Скопје го организираат третото издание на иницијативата WikiGap, која започна на 30 септември и е проследена со недела на натпревар за уредување на натписи на Wikipedia (1-7 октомври). Онлајн настанот WikiGap (регистрација) има за цел да се зголеми застапеноста на жените на онлајн енциклопедијата, каде моментално околу 90% од содржината ја креираат мажи. Доброволци пишуваат нови текстови или преведуваат постоечки текстови на македонски јазик, ги профилираат жените од Северна Македонија и ширум светот кои дале значителен придонес во разни области на медицината, науката и им даваат признание за нивната напорна работа во борбата против КОВИД-19.

УНЕСКО дава приоритет на теоријата на промени во Југоисточна Европа (ЈИЕ) во својата компаративна под-регионална анализа на ЦОР 4 - интердисциплинарни прашања во врска со квалитетот на образование. Одржани се серија на слични настани: да се оживее синергијата кај младите луѓе и поврзаноста со образованието, родот и пристојните работни места (на пр: начини за девојчињата и младите жени како да преминат од образование на работа пред и во контекст на КОВИД-19); и за имплементацијата за образование во рамки на одржливиот развој (ЦОР-4.7) во ЈИЕ пред и за време на КОВИД-19. Студиите ќе ја пополнат потребата за прецизни расчленети податоци и ќе ја постават основата за идните активности за градење на капацитетите.

Фондот за деца на Обединетите нации (УНИЦЕФ) ги подржува ресорните министерства за безбедносни и педагошки аспекти потребни за повторното отворање на училиштата и градинките, вклучително и во изработката на потребните протоколи. Младите репортери - волонтери на УНИЦЕФ се исто така вклучени во напорите за приспособување на образованиетот кон онлајн учење за учениците над трето одделение, работејќи на содржини што ги доловуваат погледите на младите за градење на подобро образование и за важноста на улогата на наставниците.

Погледнете го документот за КОВИД-19 во кој има комплетна листа на активности на Обединетите нации во одговор на КОВИД-19 во Северна Македонија.

### ПОСЛЕДНИ ЕПИДЕМИОЛОШКИ ПОДАТОЦИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17,786 | CONFIRMED COVID-19 CASES | 737 | COVID-19-RELATED FATALITIES |
| 8,537 | CONFIRMED CASES PER 1,000,000 PEOPLE | 354 | FATALITIES PER 1,000,000 PEOPLE |




For latest data see covid19.who.int/region/euro/country/mk

# НИКОЈ ДА НЕ ЗАОСТАНЕ Заедничка анализа на земјата (ЦЦА)

**Никој да не заостане**

Никој да не заостане (НДНЗ) е принцип според кој луѓето имаат централно место во развојните заложби и во работата на ОН ширум светот и во Северна Македонија. Оттаму, еден од првите чекори при подготовката на поддршката од ОН за земјата е да се идентификуваат најранливите групи и двигателите за нивната исклученост. Главен акцент во тој пристап е да се излезе вон рамките на приходите и просеците и да се разгледаат сите типови нееднаквост, кои честопати се повеќекратни и интерсекциски.

Заедничка анализа на земјата (ЦЦА), која во Северна Македонија е направена во првата половина на 2020, е еден од најважните ресурси за ОН во Северна Македонија и служи како основа за петгодишниот стратешки документ, односно, ОН Рамка за соработка за одржлив развој за 2021-2025 (СДЦФ). ЦЦА содржи независна анализа на политичкиот, социо-економскиот и еколошкиот контекст во земјата, разгледување на напредокот, јазовите и можностите во однос на заложбите за постигнување на Агендата за одржлив развој до 2030, вклучително и сеопфатна и детална анализа со цел никој да не заостане.

**Контекст**

Северна Македонија е земја со горно-средно ниво на приходи со висок Индекс на човечки развој; направен е значаен напредок за намалување на сиромаштијата и намалување на нееднаквоста пред КОВИД-19. Меѓутоа, неколку групи од населението и понатаму се исклучени и се соочуваат со дискриминација поради поврзаните двигатели на нееднаквоста, како што се недоволно структура и остварувања во економијата, слаби институции, и неефективно владеење на правото поради кои има намалена довербата кај јавноста. Покрај тоа, меѓу двигателите спаѓаат и оскудната социјална инфраструктура и недостигот на квалитетни основни услуги и зголемена ранливост на природни опасности кои имаат диспропорционално влијание на ранливите групи. Тоа и понатаму се засилува со длабоките социјални предрасуди и негативни стереотипи кои од време на време дури влијаат и на креирањето политики. Според петте основи за исклученост – пол, возраст или попреченост; географска изолираност; ранливост на шокови; влијанија од управувањето; и социо-економскиот статус – ЦЦА идентификува девет групи кои заостануваат зад другите или кои се во ризик да заостанат зад останатите во Северна Македонија:

(I) Млади луѓе кои не се вклучени во образованието, вработувањето или обуките;
(II) Жени и девојчиња, особено од етничките малцинства и руралните области;
(III) Ромската заедница;
(IV) Деца, особено од етничките малцинства;
(V) Луѓе со попреченост;
(VI) Бегалци, баратели на азил, мигранти, внатрешно раселени лица и лица без државјанство;
(VII) ЛГБТИ лица;
(VIII) Луѓе во руралните области и мали земјоделци;
(IX) Постари лица.

**Обврска за заштита**

Повеќето од ранливите и маргинализираните луѓе и групи не се целосно запознаени со нивните основни права и тие, во голема мера, имаат помала способност да бараат правен лек или други начини при повреда на човековите права. Во исто време, капацитетот на организациите кои ги претставуваат, со исклучок на синдикатите, е генерално слаб и на организациите им недостасуваат ресурси. Во овој контекст, Владата има обврска проактивно да ги јакне и да им овозможи да ги остваруваат и да ги бараат своите права.

Почетна основа во тие заложби е да се препознае проблемот, коешто може да се направи само доколку се собираат и објавуваат расчленети статистички податоци. Тоа може нема целосно да го надмине проблемот, но, помага во разбирањето и одмерувањето на проблемот. Понатаму, клучно е да се разберат двигателите и коренитите причини за нееднаквост со цел да се креираат одговорни политики кои ќе овозможат справување со тие фактори и подобрување на ефектите. Од клучна важност е да се оспорат предрасудите и стереотипите во општеството преку континуирано подигнување на свеста и борба против дезинформациите, како и преку рано воведување на едукација која се темели на човековите права.

Владата е обврзана да ги воспостави и зајакне сите канали и механизми кои може да им помогнат на ранливите луѓе да ги остваруваат своите права. Законската и институционалната рамка за бесплатна правна помош, која и понатаму е фрагментирана и нецелосна функционална во Северна Македонија, може да се зајакне во соработка со граѓанското општество и треба да се разгледува меѓу останатите врвни приоритети. Националните механизми за отчетност за човековите права, меѓу кои спаѓаат правосудниот систем, Народниот правобранител, Комисијата за заштита од дискриминација, постојаната парламентарна комисија за човекови права и меѓусекторското владино тело за човекови права треба да ја докажат својата вредност и да ја добијат довербата и почитта од граѓаните.

Како земја-членка на ОН и на Советот на Европа, и земја-членка на повеќе меѓународни конвенции за човекови права, Северна Македонија треба и понатаму да биде одговорна и активно ангажирана во работата на меѓународните механизми за отчетност за човековите права и институции како што се Советот за човекови права и други тела од спогодбите, и надлежни регионални судови како што е Европскиот суд за човекови права.

**Улогата на ОН во 2021-2025**

ОН Рамката за соработка за одржлив развој за 2021-2025 (СДЦФ) идентификува три стратешки приоритети по кои ќе се предводи работата на ОН во Северна Македонија во следните пет години, со главна цел да се забрза постигнувањето на Целите за одржлив развој во земјата:

(I) Одржлив и инклузивен економски и социјален развој;
(II) Активности за климата, природните ресурси и управување со ризици од катастрофи; и
(III) Транспарентно и отчетно демократско управување.

ОН и понатаму ќе бидат заштитници на заедничките вредности, и ангажманот во земјата и понатаму ќе се предводи од сеопфатниот принцип НДНЗ; преку пристап кој се темели на човековите права; родовата еднаквост и јакнењето на жените; резилиентноста; одржливоста и отчетноста.

Најранливите групи ќе останат да бидат во првите редови во одговорот кој го дава ОН, и тоа ќе се заснова на докази и споделена визија за просперитетна, инклузивна и резилиентна Северна Македонија до 2030.

## 2021-2025 Главни чекори за SDCF

- Октомври 2020 Одобрување од Владата
- 2ра половина од Октомври 2020 Потпишување (ОН, Влада)
- Октомври-Декември 2020 Финализирање на дополнителните документи на SDCF (рамка за финансирање, стратегија за комуникации и застапување, стратегија за податоци и бизнис операции)
- Ноември2020 Потпишување
- Јануари 2021 Почеток на имплементација
- Март 2021 Завршување на стратегија за мобилизирање на ресурси

# ВО ФОКУС Инклузија на попреченоста: предизвиците да се преточат во можности

Развојот за инклузија на попреченоста фати замав со ратификацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (КПЛП) во 2011 год. кога дојде до промена од медицинскиот и добротворниот пристап за попреченоста кон пристап заснован на човековите права. Во земјата беа преземени важни чекори за да се обезбеди дека лицата со попреченост ги уживаат истите стандарди на квалитет, права, и достоинство како и секој друг член на општеството. Бројот на закони, политики и програми за попреченоста се во пораст. Попреченоста е вклучена како посебен основ за дискриминација, заедно со останатите форми на повеќекратна и интерсекциска дискриминација. Институционалната поставеност и капацитети се зајакнати, и воспоставени се национални механизми за имплементација на КПЛП и мониторинг. Еднаквоста и инклузијата на сите се поставени високо на агендата на новата влада.



*Фотографија од активностите во заедничката програма "Работејќи оддолу-нагоре – градење на локален модел за деинституционализација"*

**Работата на ОН за инклузија на попреченоста**

ОН го поддржува развојот и имплементацијата на политики, закони и програми кои се инклузивни за попреченоста во повеќе области. Преку меѓу-институционален и меѓу-ресорски пристап, ОН помага да се воведат одржливи мерки за подобрен пристап до клучни услуги, како што се услуги во заедницата, пристапно и инклузивно образование, квалитетна здравствена заштита, сексуално и репродуктивно здравје и услуги за родово базирано насилство, пристапен превоз и пазар на труд.

Заедничката програма на ОН „Работејќи оддолу-нагоре – градење на локален модел за деинституционализација" имаше клучно значење за спроведувањето на Националната стратегија за деинституционализација коешто остави забележливи траги – ниедно дете повеќе не е сместено во институција. Сите 180 деца, кои беа сместени во различен тип институции, од кои 20 со попреченост, сега живеат во згрижувачки семејства или во мали групни домови. Од 482 возрасни лица со попреченост кои подолг период живееја во институции, сега 319 живеат независно, а некои добиваат услуги за поддршка.

Напредокот во деинституционализацијата ја разоткри комплексноста, јазовите и можностите за зголемен инклузивен развој. Лицата со попреченост и понатаму остануваат во голема мера невидливи во главните општествени текови и не се во можност целосно да ги уживаат правата. Тие и понатаму се соочуваат со многу пречки во учеството и се соочени со штетни социо-економски и здравствени исходи, мала вработеност и повисока стапка на сиромаштија. Ставовите во општеството во врска со попреченоста бавно се менуваат, но, сè уште има докази за дискриминација, стигматизација и исклученост. Жените и девојчињата со попреченост често страдаат од насилство и злоупотреби.

**Предизвици**

Постојат големи предизвици во однос на реализацијата на Целите за одржлив развој (ЦОР) од, за и со лицата со попреченост во Северна Македонија. За да се направи вистински пресврт, неопходно е систематски да се прифати социјалниот пристап кон инклузија на попреченоста кој се темели на човековите права. Тоа повикува на спроведување интервенции кои се однесуваат конкретно на попреченоста и кои директно ја вклучуваат попреченоста, од страна на поопсежно партнерство помеѓу државните, недржавните и меѓународните чинители.

Од клучна важност е да се воспостават кохерентни политики и закони засновани на докази со јасни одредници и распределени буџетски средства, и кои се усогласени со меѓународните норми и се пристапни во различни формати. Пописот кој е најавен за 2021 година треба да го затвори јазот кој постои во однос на податоците. Големиот број активности на ниво на државата и заедниците треба и понатаму да ги јакнат лицата со попреченост за да ги бараат своите права и да живеат независно, и нивните организации да се застапуваат и да ги оформуваат одлуките кои нив ги засегаат. Тие треба активно да учествуваат во сите консултативни механизми за креирање политики како што се проценка на влијанијата на регулативата, мониторинг, надзор, итн. Нивното учество во политичкиот и јавниот живот – исто така и како носители на јавни функции – и во меѓународната соработка, треба да биде ефективно.

Важноста на пристапноста, информациите и комуникацијата е клучна. Недоволните информации во сите пристапни формати е нешто кое треба итно да се надмине. Во дигиталното доба, информатичката и комуникациската технологија и асистивната технологија имаат важна улога за јакнење и овозможување на учеството, и притоа младите луѓе се нашите агенти за промена. Регулативата за пристапноста и стандардите за разумно приспособување, кои се изработени заедно со организациите на лицата со попреченост (ОЛП), мора целосно да се спроведуваат во јавниот и приватниот сектор, и да се промовира универзалниот дизајн на услуги.

Владата останува посветена да се заврши процесот на деинституционализација, да се прошират услугите за поддршка на независното живеење, вклучително и со врсниците, и за одржливоста на процесот на инклузивно образование коешто предвид ги зема возраста, попреченоста и културата на сите нивоа. Друг предизвик кој претстои се однесува на ефективната имплементација на новиот анти-дискриминациски закон за спречување и борба против застапеноста на дискриминацијата врз лицата со попреченост и обезбедување одржлива еднаквост за нив. Дури 99.5% од лицата со попреченост во Северна Македонија сметаат дека тие не се еднакви со останатите и дека се оставени да заостануваат зад останатите. Конечно, во однос на состојбата на лицата со интелектуална попреченост, психо-социјална попреченост и ментални заболувања и нивното право на деловна способност, пристап до правда и процедурално приспособување, како и за справување со ранливоста на жените и девојчињата со попреченост, неопходно е засилено дејствување.

За повеќе информации, контактирајте со tatjana.temelkoska@un.org.

UN75 2020 AND BEYOND

SHAPING OUR FUTURE TOGETHER

The United Nations is marking its 75th anniversary at a time of great challenge, the worst global health crisis in its history. Through the largest global discussion, we aim to define global priorities and the way forward. HAVE YOUR SAY AND JOIN THE CONVERSATION. TAKE THE SURVEY!

MACEDONIAN ALBANIAN ROMANI ENGLISH

Последното издание на Билтенот за одржлив развој е достапно и на интернет странта на Обединетите нации во Северна Македонија. За повеќе информации контактирајте не на

rco-northmacedonia@un.org.

РПодготвено од канцеларијата на Постојаниот координатор на Обединетите нации во Северна Македонија 30 септември 2020.